

## ПОКЛОНЕНИЈА ПРЕД ГРОБОТ НА СВЕТИ КИРИЛ ВО РИМ

***На приемот, Неговата Светост папата на црковната и државната делегација на Македонија и на македонскиот народ им упати една порака со следната содржина:***

*„Мошне сум среќен што можам да ја поздравам делегацијата на високи личности од Социјалистичка Република Македонија, која дојде на комеморација на големиот свети Кирил, кого, како и неговиот брат свети Матодиј, оправдано го слават како апостол словенски, основач на словенската книжевност.*

*Свети Кирил беше голем апостол кој на посебен начин знаеше да ја оствари рамнотежата меѓу барањето на единство и законот на различност. Тој го основа ова традиционално и неменливо начело: црквата ги почитува и ги прифаќа сите услови, сите извори, сите*

*животни*

*облици на народот, со кои се заветува Евангелието на Господа, прочистувајќи ги, зацврстувајќи ги и здружувајќи ги.*

*Така свети Кирил и Методиј можеа да го постигнат Христовото откровение, и литургискиат и духовниот живот на христијаните да го одомаќинат во културниот живот на словенските народи. Меѓутоа, колку напори му требаа на свети Кирил за да го оствари таквото дело.*

*Неговото вдлабочување во јазикот и културата на словенските народи беше плод на долго и настојчиво проучување, постојано одречување, поткрепено со ретка генијалност, способност на тој јазик и на таа културада ѝ го даде првото писмо, што ќе послужи како адекватно средство да се изрази и прошири преку Светото писмо.*




*Со тоа тој ги постави темелите на огромниот книжевен и културен развој, кој, се до денес, се проширувашe, разгрануваше, развој на кој вашиот народ му даде голем придонес.*

*Ние сме ви многу благодарни на вашата посета.*

*Нека свети Кирил, кој и натаму останува пример за денешните луѓе во настојувањето да се приспособат кон новонастанатите промени, ве вдахновува во вашите напори за слога*

*и мир меѓу народите со различни култури и традиции".*

На крајот, папата топло им се заблагодари на своите гости за големиот и драгоцен подарок - оригинална икона *„Свети Крштение на Господа Исуса Христа"* од манастирот *„ Свети Богородица"*
с. Карпино Кумановско, од XVI век, која ја симболизира културната самостојност

на македонскиот народ, како и Светото евангелие (во кожни корици) печатено на македонски јазик, чија основа ја поставил свети Кирил.

Домаќинот им врачи подароци на своите гости, пожелувајќи им успех во нивната црковно-народна мисија.

По повод Денот на свети Кирил и Методиј - 24 мај, на претпразненството на 23 мај 1970 година во Рим, со глема радост и гордост, се одржа очекуваната, пригодна свеченост во базиликата „Свети Климент" каде што веќе полни 11 векови се наоѓаат светите останки на свети Кирил Солунски.

Свеченостите почнаа со молепствието над гробот на свети Кирил, на кое чинодејствуваа поглаварот на Македонската православна црква, архиепископот охридски и македдонски господин Доситеј и членовите на Светиот архијерејски синод на МПЦ; митрополитот злетовскаструмички господин Наум и митрополитот дебарско-кичевски господин Методиј со асистенција на дваесетмина свештеници од Македонија.

Претставникот на Владата на СР Македонија, потпретседателот на Собранието на СРМ г. Ванчо Апостолски и претседателот на Комисијата за верски прашања и член на Извршниот совет на СР Македонија г. Анте Поповски положија венец од Социјалистичка Република Македонија на гробот на свети Кирил.

На свечениот чин - молепствие и откривање на спомен-плочата присуствуваа и претседателот на Сојузната комисија за верски прашања во СФР Југославија г. Мило Јовичевиќ, југословенскиот амбасадор во Рим г. Срѓан Прица, членовите на

Радио-телевизијата и Хорот и Филхармонијата на СР Македонија од Скопје и голем број културни и јавни работници, како и туристи, кои специјално допатуваа во Рим за да учествуваат на оваа наша голема национална свеченост и на тој начин да му оддадат почит на својот далечен и заслужен предок.

Архиепископот охридски и македонски господин Доситеј ја откри спомен-плочата изработена во бакар на која на македонски и латински е испишан следниот текст:

**"На Свети Кирил Солунски, сесловенски просветител со благодарност од македонскиот народ“**

Од името на македонскиот народ и Македонската православна црква говореше архиепископот господин Доситеј кој рече:

**Пресвети и преблажени наш, преподобни оче Кириле,**

*Над гробот каде почиваат Твоите свети мошти, денес во овој миг се наоѓаме ние потомците, чедата на народот од чии пазуви си излегол и Ти, преподобни оче Кириле Солунски. Се најдуваат чедата на оној народ на чиј јазик си го направил најблагородниот чекор во просветувањето и зацврстувањето во верата Божја на словенските народи.*

*Овде, во вечниот град Рим, дојдени од нашата Македонија, која била удостоена од спасителната мисија и на свети апостол Павле, се најдуваме ние претставниците на македонскиот народ и Црква. Тука сме ние наследниците на Вашите ученици и следбеници, на рамноапостолите и нашите светители и просветители св. Климент и Наум, охридските чудо творци.*





**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**